HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

**Електро инженер**
**во Дирекција за административни работи**
**Референца Бр. 003/2026**

**Главни работни задачи:**

- Цртање и изработка на електрични шеми во epland
- Одлично познавање и работење на Microsoft Office
- Читање на техничка документација и технички цртежи
- Вршење на брза и конкретна дефектажа на системите при акутен проблем и решавање на истиот во најкраток можен рок;
- Пресметка на електрични капацитети и соодветна пресметка за димензионирање на пресек на напоен кабел;
- Изработка на идејни, основни и проекти на изведена состојба на електични инсталации
- Координација и целосно надзорирање при изведба на електротехнички инсталации
- Набавка на електротехничка опрема и инсталации
- Организација и менаџирање на тековно одржување на објектите на банката
- Проценка на инвестиција, одредување на буџет и надзор при реализација на изведбата и решавање на акутен проблем.

**Основните квалификации, познавања и вештини кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Високо образование – Дипломиран електро инженер
- Овластување за проектирање
- Работно искуство мин 5 год.
- Возачка дозвола Б категорија, со искуство во сообраќај
- Одлично познавање на Auto Cad
- Добро познавање на алатките на Adobe Acrobat
- Одговорно извршување на работните обврски во зададени рокови
- Одлично познавање на англиски јазик
- Способност за самостојна и тимска работа
- Способност за работа под притисок
- Способност за брза и ефективна дефектажа
- Способност за брза организација за санирање на тековни дефекти
- Познавање на стандарди за инсталација на електротехничка опрема (висока и ниска струја)

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Можности за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **23.02.2026** година на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 003/2026 – Електро инженер во Дирекција за Административни работи.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.